ПОТПИШАН НОВ КРУШЕВСКИ МАНИФЕСТ

# Внуци на комитите и на партизаните ги бранат дрвата




*Три генерации потомци на Питу Гули.-Правнукот Митко, внуката Елена и пра-правнукот Благоја Гули пред споменикот на Питу*




Современа Македонија доби нов Крушевски манифест, Еколошки шумски манифест, потпишан во саботата во револуционерното, највисоко гратче во земјава, во рамките на манифестацијата "Крушево-етноград". Иницијативата е од еколошкиот војвода и идеолог на востанието Ранко Петровиќ-Бубамара.

Манифестот го потпишаа внуците и правнуците на храбрите партизани и славните илинденци, од семејствата на Питу Гули, Никола Карев, Нико Доага, Веле Марков, внукот на Тоше Проески, Кристијан, градоначалникот Ѓорѓи Дамчевски и војводата Ранко Бубамара.

Со Еколошкиот манифест, славните фамилии од историскиот град испраќаат абер, како што велат, до сите други општини и китни села, да се престане со сечење на шумите и заштита на шумското богатство од препродавање во странство.

По потпишувањето на Шумскиот манифест, иницијативата ќе може да добие правна одлука при советот на Општината.

Војводата Ранко ги поздрави сите браќа и сестри кои викендов го сардисаа Крушево по седми пат и се дружеа седнати на една маса, и комитите и аскерот, чорбаџиите и сиромашните, со нив и партизаните. Наместо топови - грмнаа тапани и зурли.

*Седма година во Крушево заедно седат комити и аскер, чорбаџии и сиромашни, а тука се и партизаните.-Наследниците на сите јунаци бараат песната "Слушам кај шумат шумите" да не го изгуби значењето*

Со Еколошкиот манифест, славните фамилии од историскиот град испраќаат абер, како што велат, до сите други општини и китни села, да се престане со сечење на шумите и заштита на шумското богатство од евтино препродавање во странство




*Внуците на партизанот Нико Доага со градоначалникот Ѓорѓи Дамчевски и со војводата Ранко-Бубамара*




*Внукот на Тоше, Кристијан со баба Рада дадоа поддршка на Еколошкиот манифест*

"Со нашето туристичко востание во изминативе 7 години Крушево се подготвуваше и успеа да ги прими туристите од сите краишта на светот, да им го претстави славното Илинденско минато, да го почувствуваат родниот град на Тоше и да уживаме во сенките на повеќестолетните дрвја и меани", рече Ранко, кој го претстави Манифестот и борбата која, како што вели, допрва не́ чека сите нас.

"Во овие неиздржливо топли денови, кога нашата Македонија е нападната и сардисана од незапамтени азиско-африкански горештини, ние храбрите борци за поубав живот сме тука на ладно, во највисокото гратче на Балканот, горди и исправени, во народна носија и со народна песна, подготвени пред новата битка против климатските промени, во нова борба, борба за чист воздух и зачувување на шумите во нашиот град, нашата земја и на нашата единствена планета", порача Петровиќ.

Петровиќ, со поддршка на Градот најави нова борба за да се извојува најголемата победа против најголемите проблеми во Крушево, борба за зачувување на природната убавина, на прочуената корија, чистата планинска изворска вода, на шумите и рекреативни патеки.

"Драги борци и славни јунаци, со оваа наша борба ќе успееме да го зачуваме и македонското музичко богатство - нема да дозволиме песната, ´Слушам кај шумат шумите´, да ја изгуби вредноста, да отиде во заборав, да не дозволиме да се смени текстот во: ´Слушам кај сечат пилите, пилите - не го есапат војводата´.

А и какво време дојде, ќе испадне - ги исековме буките, за да садиме палми!

Па крушевската корија да се преименува во ´Палма ди корија´.

Сите ние добро знаеме дека во шумите околу Крушево има доволно дрва за огрев на целото население, но не и за прекумерно сечење и за евтино препродавање во соседните земји.

Затоа драги мои еколошки туристички јунаци од вечерва горите македонски силно нека пеат нови песни, нови весници - Македонија слободна еколошки живее. Да дише слободно Македонија", заврши со својот апел идеолошкиот творец на "Крушево-етноград".

Во својот борбен стил, Ранко рече оти сме сите синови на нашата татковина, на илинденците и тие сме кои ја кроиме слободната иднина на жените, децата, старците, младинците, и повика во борба за екологија, за зелени шуми, за здрави деца и генерации и повисоки плати и пониски камати.

***(М. За.)***